Шпиц
БЕСПЛАТЕН ДНЕВЕН ВЕСНИК
понеделник, 13 април 2009





Луѓе и настани



Двајца мажи не и даваат на девојката да мрдне додека други ја плискаат со вода во ритуал во Холоко, мало село на североистокот на Унгарија. Тоа е милениумска долга традиција на Холоко, кое е дел од светското културно наследство под заштита на УНЕСКО. Во селото оддалечено на 100 километри од Будимпешта, ритуалот на поливање на девојките датира од периодот пред христијанството да стане доминантна религија. Се смета дека со обредот се поттикнува плодноста на девојките, кои наскоро треба да станат невести.

Статистика

sitemeter

Флеш Вести

## Каде црква, таму и џамија

Анита ДИМИТРИЈЕВСКА

Ако се дозволи изградба на хотел како дел од комплексот Градска куќа на централниот скопски плоштад наместо да се реконструира Бурмали-џамија, која била урната во 1925 година, муслиманските верници ќе ја обележат територијата каде што некогаш била џамијата и на тоа место секој петок ќе се клањаат на отворено.

Ова го кажа Рамадан Рамадани, член на координативниот одбор за реконструкција на Бурмали-џамија, кој заедно со уште неколку членови на одборот вчера одржа прес-конференција на плоштадот „Македонија", каде што некогаш се наоѓала џамијата.

- Писмото за разбирање што го потпишаа 38 организации и го испратија до владата и до Министерството за транспорт и врски заради дополнување на Деталниот урбанистички план „Мал ринг" со маркица за џамијата, е игнорирано и не е земено превид. Покрај поддршката од сите невладини организации на граѓани од исламска вероисповед, апсурдно е да се излезе со конкурс за хотел и Градска куќа, чија локација е местото на поранешниот Офицерски дом - рече Јасмин Реџепи, член на координативното тело.

На новинарско прашање во што се состои компромисот што членовите на координативното тело го побараа од надлежните, Рамадани рече дека изградбата на џамијата наместо преостанатите објекти е единствениот компромис кој доаѓа предвид.

Членовите рекоа дека неформално се поддржани од муслиманските политички партии, како и од Исламската верска заедница. Тие се изјаснија дека нема да се противат на изградбата на црква на плоштадот и рекоа дека нивната реакција не произлегува од масовната тепачка што поради најавената изградба на црква се случи на 28 март, наведувајќи дека тие барањето за реконструкција на џамијата го поднеле уште пред две години.

- Нашиот став кон изградбата на црква на плоштадот е неутрален. Не се мешаме за изградба на црквата, тоа е работа на Македонската православна црква. Ова е нашиот последен прес на оваа тема. Следните чекори ќе бидат малку поактивни во смисла на обележување со креда на местото каде што се наоѓала џамијата. Размислуваме и на ова место да почнеме да вршиме верски обред под водство на ИВЗ - рече Рамадани.

Во случај владата да остане глува на нивните барања, Реџепи рече дека муслиманските верници нема да организираат протести или да прават инциденти, туку ќе се обидат на мирен начин да си го остварат барањето. Тие, пред извесно време, побарале помош и од меѓународните организации, а нивното барање, како што рекоа, се наоѓа и во рапортот на Стејт департментот.

Координативното тело пред две години поднело барање до Министерството за транспорт и врски за обнова на џамијата, но таму вчера не беа достапни за коментар.

Во врска со изградбата на верските објекти на плоштадот, в.д. претседателот на најголемата опозициска партија Зоран Заев рече дека ако владата сака да изгради православна црква, според Уставот, мора да ги разгледа и барањата на другите верски заедници.

- Логично е да се очекува дека и другите верски заедници ќе побараат еднаков третман од владата. Ако владејачката партија одлучила да гради верски објекти, тогаш не треба да гледа еднострано и мора да ги исполни барањата и на другите религиозни групи - вели Заев.

Со оглед на тоа што социјалдемократите го освоија мнозинството во Советот на општина Центар, Заев најави дека советниците од неговата партија дополнително ќе го разгледуваат ДУП за да ја преиспитаат оправданоста за подигање верски објекти на плоштадот.

- Убеден сум дека во Генералниот урбанистички план не е предвидена изградба на црква. Одлуката за изградба на храмот е нелегитимна и треба да се преиспита - вели Заев.

Протест за слобода на плоштадот

A1 Вести

A1 Метео

Време Online
A1 Телевизија Online
Најди Online
Нет Прес Online
Он Нет Online
365 Online
Антена 5 ФМ Online
Секој Ден Online
Погодок Online
Вози Online

Градски Информатор

Мрежа

Pravila za ramnopravno pretstavuvawe na u~esnicite vo kampawata za pretsedatelskite i za lokalnite izbori 2009


















Неформална група граѓани денеска напладне ќе организира протест под името „Плоштад слобода", како реакција на, како што рекоа, насилството од 28 март извршено врз студентите од Архитектонскиот факултет. Организаторите велат дека протестот има за цел да го заштити правото на слободно изразување и мислење, демократско право, кое на 28 март било брутално задушено.
Во 13 часот, протестната поворка од плоштадот ќе тргне кон Градскиот парк, каде што на школката музичките групи „Д Џон", „Фајтинг виндмилс", „ПМГ колектив", Да Џака Накот и Амон Мра ќе ја пречекаат поворката.
- Нашиот протест е инспириран од случувањата на 28 март кога на брутален начин беа нападнати и истепани студентите. Затоа ги повикуваме сите оние што сакаат гласно да зборуваат, да ни се придружат и да кажат што мислат - рече Ирена Цветковиќ, организаторка на протестот.
Организаторите на новиот протест рекоа дека членовите од Првата архи бригада и од Младиот прогресивен синдикат нема директно да учествуваат во протестот, но индиректно ќе го поддржат.
- По инцидентите што се случија, студентите не сакаат повеќе да излезат на дополнителен протест, но ни порачаа дека можеме да сметаме на нивната поддршка - рече организаторката Ивана Драгшиќ.
Таа рече дека членовите на штрајкувачкиот одбор завчера присуствувале на седницата на анкетната комисија во Собранието и во неформален разговор со пратениците од повеќе партии наишле на поддршка. Протестот го поддржа и в.д. лидерот на СДСМ, Зоран Заев.
За да се спречи реприза од евентуални инциденти, организаторите рекоа дека протестот уредно го најавиле во полиција пет дена порано.
ВМРО-ДПМНЕ вчера му даде поддршка на настанот, Владејачката партија ги повика сите политички партии, пред се, СДСМ јавно да го поддржи протестот.

Слични статии:

Останати статии од оваа рубрика:

Бронкс во Скопје

Груевски ги потроши Тачи и Ахмети, кој е следниот?

Шенгенскиот ѕид бавно ќе се урива

Оценки/Коментари Оценете

Бидете првиот што ја оценил оваа статија!

Synology
NEW NAS Experience
Disk Station DS408
Green
Reliable
Ultra-High Performance
www.synology.com

ВРЕМЕ

www.folkmk.com ЗА СИТЕ ФОЛКЕРИ

WebArchitect

| Најава

ИЗДАВА: ПЛУС ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ, бул. Гоце Делчев бр. 11/2 (ДТЦ Мавровка), Скопје, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Диана Младеновска

**ЗАМЕНИК НА ГЛАВНИОТ И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:** Јасмина Апостолова ; **ПОМОШНИК НА ГЛАВНИОТ И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:** Сашо Спасоски ; **УРЕДНИК КОМЕНТАТОР:** Бранко Героски ; **УРЕДНИЦИ:** Ивица Антески, Владо Апостолов (Хроника), Соња Танеска - Игнатоска (Свет), Климентина Илијевски (Културна и забавна рубрика), Никола Ѓуровски (Спорт), Радован Вујовиќ (фотографија) ; **ТЕХНИЧКИ УРЕДНИЦИ:** Златко Зец, Антонио Добрески, Ирена Димовска ; **ЛЕКТОР:** Маја Катарова ; **СИСТЕМ АДМИНИСТРАТОР:** Огнен Митев ;

**РЕДАКЦИЈА:** тел. 3299-888 ; www.spic.com.mk ; e-mail: spic@spic.com.mk ; **ДИСТРИБУЦИЈА:** Плус Продукција, тел. 2580-020, 2580-021 ; **МАРКЕТИНГ:** Слободан Пејоски, 3299-876, 3299-869, 3299-864, факс: 3299-870 ; e-mail: spicmarketing@spic.com.mk ;

ЖИРО-СМЕТКА: 210060443440130, Тутунска банка АД Скопје. ЕДБ МК 4030005568073 Првиот број на весникот излезе на 31 мај 2006 година

**ISSN: 1857 - 6427**

© 2006 www.spic.com.mk Сите права се задржани